**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**

УПП Бр. 03-2
Скопје 14.01.2019 г.

До: ...

**Предмет**: Известување

Во врска со Вашата Претставка (претставка односно предлог), доставена до Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, на 10.01.2019 година, во која наведувате дека претставката *"се однесува според Вас на незаконско емитување на програми со содржини на несоодветна, збунувачка во сите емисии и вести и ел."*, со која барате *"да Ви се излезе во пресрет на вашиот проблем бидејќи сте се обидувале да го средите тоа на телевизорот со опциите и менито но немало ефакт"*, дека *"најверојатно постои проблем надворешен а не во ТВ приемникот како што нагласувате незаконско поврзување и емитување и емитување збунувачка содржина на повеќе ТВ ..."*, и дека *"...користите ресивер вграден во самиот ТВ марка 'Самсунг' и дека тоа се неколкуте декодирани ТВ"*, Ве известуваме за следното:

При Вашето присуство во просториите во Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги на 09.01.2019 година, кога имавте консултации со Раководителот на Секторот за информатичка подршка и општи работи во Агенцијата, Ви беше објаснето дека проблемите кои ги искажувате можат да настанат поради неисправен далечински управувач на телевизорот (во случаи кога ете сакале да гледате една програма а на телевизорот Ви се појавува друга програма) или пак да имате интерференција со ТВ уредите на Вашите соседи.

Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги ги снима сите телевизиски програмски сервиси и нема констатирано дека има интерференција помеѓу нив, ниту пак до Агенцијата има доставено други приговори за интерференција помеѓу телевиските програмски сервиси од други корисници.

Имајќи го предвид проблемот што го пријавувате, најдобро е да се обратитете до овластениот сервисер на Вашиот телевизиски приемник.

Со почит,

**Агенција за аудио**
**и аудиовизуелни медиумски услуги**
**по овластување на Директорот,**

**м-р Драгица ЉУБЕВСКА**


Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги

ул. Македонија бр.38
1000 Скопје
Република Македонија

Тел.+ 389 2 3103 400

www.avmu.org.mk
www.avmu.mk
contact@avmu.mk

Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни
медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: | 10. 01. 2019 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 03 | 2 | | |

До
„Агенција за аудио
и аудиовизуелни
медиумски услуги"
— Скопје —

# ПРЕСТАВКА

Од Розета Јорданова родена на 17.05.1973 од. Скопје со стан на живеење ул. Радишанска бр 30. б. пат бр. 57 л. Скопје.
Ви се обраќам и писмено со преставка, инаку бев и лично во вашите канцеларии за консултација на 09. 01. 2019 год.

Преставката се однесува на според мене незаконско емитување на програми со содржина несоодветна, збунувачка во сите емисии, и вести и сл. Претпоставувам дека ќе ми излезете во пресрет на мојот проблем бидејќи се обидував да го средам тоа на телевизорот со опциите и менито но нема ефект најверојатно постои проблем надворешен ане во ТВ приемникот како што напишав незаконско поврзување и емитување збунувачки содржина на повеќе ТВ како МТВ 1, Сител, Канал 5, Телма и др. така да ова трае подолг период од неколку месеци. Ве молам за проверка од ваша стручна служба. Инаку ако користам ресиверот вграден во самиот ТВ. марка „Самсунг" тоа се неколкуте декодирани ТВ.

10 - 01. 2019 год.

Розета Јорданова